Примено: 16 07 13
Орг. единица: 1403- | Број: 105/12 | Прилог | Вредност

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## *Комитет за следење на ИПАРД*

## Записник Бр. 11

## Записник од единасеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

12 Декември, 2012/ Дебатна сала на Влада на Република Македонија

Арх. бр. -14809/2

Датум: 06.06.2013

Скопје

I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

**Претседател на Комитетот за следење на ИПАРД**, **Зоран Коњановски**, Заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)

**Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД:** Раководител на Тело за управување со ИПАРД (ТУ), **м-р Маргарита Делева** – Државен советник за рурален развој и Секретар на Комитетот за следење на ИПАРД, **г-ца Василка Тамбуркова,** Виш соработник за следење на спроведување на ИПАРД фондовите и известување

Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД и нивни заменици:

1. **Г-ѓа Валентина Стојановиќ**, Шеф на кабинет, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
2. **Г-дин Абдилгафар Синани**, Раководител на сектор за земјоделство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
3. **Г-дин Живко Брајкоски**, Раководител на сектор вино, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
4. **Г-ѓа Милка Коштревска, замена за Г-дин Јордан Кузмановски**, Директор, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството.
5. **Г-дин Сашо Ристевски**, Секретар, Македонска Асоцијација на Преработувачи.
6. **Г-дин Андрија Секуловски**, Претседател, Федерација на Фармери во Република Македонија.
7. **Г-ѓа Наташа Вртеска**, Правен советник, Заедница на единиците на локалната самоуправа.
8. **Г-ѓа Зуица Змејковска, замена за Г-ѓа Евгенија Серафимовска Киркова**, Секретаријат за Европски прашања.
9. **Г-дин Асен Дуковски, замена за Г-дин Вељо Тантаров,** Солуз на земјоделци на Македонија.
10. **Г-дин Васко Ристовски,** замена за Г-ѓа Стојмирка Тасева, Стопанска Комора на Р.М.
11. **Г-ѓа Робертина Брајаноска,** Македонско Еколошко Друштво
12. **Г-дин Петар Ѓоргиевски,** Мрежа за рурален развој на Р.М
13. **Г-дин Владо Каровски, замена за Г-ѓа Јадранка Иванова**, Министерство за животна средина и просторно планирање.
14. **Г-дин Љубиша Николовски, Раководител на сектор**, Координација и институционална поддршка, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,

15. **Г-дин Александар Зарков**, замена за Г-дин Огнен Оровчанец, Агробизнис комора

Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:

1. **Г-дин Жерард Кили**, Раководител на Г4, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),
2. **Г-ца Елица Јанакиева**, Одговорен службеник за земјата кандидат, одделение Г.4., Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри),

.

Претставници на ИПАРД структурата:

1. Претставници од НАО и НФ :

- **Г-дин Фатмир Адеми,** Национален Фонд, Министерство за финансии,

2. Претставници од Тело за Управување:

- **Г-дин Виктор Младеновски**, Виш соработник, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување.
- **Г-дин Стојан Гацов**, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
- **Г-дин Игор Трошански**, Советник, Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови.
- **Г-дин Златко Колевски**, Соработник, Одделение за Техничка помош.
- **Г-дин Оливер Стефановски**, Одделение за Техничка помош.
- **Г-дин Ангел Карапетров**, Одделение за Техничка помош.

3. Претставници од Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделството и Руралниот Развој (АФПЗРР):

- **Г-дин Тони Димовски**, Директор на ИПАРД Агенција.
- **Г-дин Панче Арсов**,. ИПАРД Агенција.
- **Г-ѓа Маја Брајовиќ**, ИПАРД Агенција.
- **Г-дин Слободан Димитровски,** ИПАРД Агенција.

*Листа на проверка на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во* ***Прилог 1*** *од овој Записник.*

*Листа на набљудувачи е прикажана во* ***Прилог 2*** *од овој Записник.*

***Резултати: Претседателот на Комитетот и 15 членови и нивни заменици со право на глас (од вкупно 23 член со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум за донесување на соодветните одлуки.***

II. ДНЕВЕН РЕД

Предложениот Дневен ред за овој состанок е прикажан во **Прилог 3** од овој Записник.

III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

***1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Почеток на состанокот "***

*Состанокот го отвори Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД, посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).*

***2. Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Усвојување на предлог Дневниот ред за 11 ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД"***

*Претседателот се осврна на предлог Дневниот ред на состанокот и отвори дискусија по однос на предложените точки од истиот.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава одлука:*

***Одлука бр.1.:***

*Комитетот за следење на ИПАРД го усвои Дневен ред за (11-от) единаесеттиот (зимски) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД,*

*Конечниот Дневен ред е прикажан во **Анекс 1**.*

***3. Во врска со точка 2 од дневниот ред:"Усвојување на Записникот од претходниот (10ги) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 13ти јули, 2012 година )"***

*Претседателот ги информираше членовите дека Нацрт Записникот од 10ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД (одржан на 13 јули, 2012 година) беше доставен на коментари до сите членови на Комитетот. Записникот на англиски јазик беше доставен до присутните претставници на Европската*

*Комисија Претставниците на Европска Комисија дадоа коментари кои се вклучени во записникот.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следнава:*

***Одлука бр. 2:***

*Комитетот за следење на ИПАРД го одобри предлог Записникот од (10-от) десеттиот(пролетен) состанок, кој се одржа на 13 јули, 2012 година, како финален.*

*Усвоениот Записник е прикажан во* ***Анекс 2****.*

***4. Во врска со точка 3 од дневниот ред:"Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (10ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, (одржан на 13ти јули, 2012 година)***

Г-ца *Тамбуркова информираше за напредокот во спроведувањето на Одлуките донесени на 10-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД, одржан на 13 јули 2012 година. Таа информираше дека сите одлуки и заклучоци се реализирани и истакна дека во тек е реализацијата на заклучокот 2 и 6.*

Г- дин Кили истакна дека заклучокот за формирање на работната група *од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД и ИПАРД Агенција со цел да се направи и подетална анализа* за проблемите на апликантите го подржува,меѓутоа праша кога се планира да се направи анализата.

*Г-ѓа Делева истакна дека во врска со работната група која што произлезе од дискусиите на 10ти Комитет за следење на ИПАРД за анализирање на воочените проблеми и покренатите проблеми од членовите на Комитетот поврзани со системот за спроведување на ИПАРД програмата, е добиено написмено од група на консултанти, каде иницираат конкретни проблеми.За да се надминат проблемите, таа истакна дека ќе се закаже состанок со НАО и ИПАРД Агенција каде Телото за управување ќе ги координира состаноците.Таа истакна дека очекува од тие состаноци да произлезат резултати или предлози за утврдување на општите трошоци и изготвување на бизнис план.Таа истакна дека сите засегнати страни треба да доставуваат до Телото за управување предлози за да се анализираат проблемите со кои се соочуваат апликантите.*

*Претседателот истакна дека со повеќе институции имаме разговарано и имаме направено напредок во однос на поедноставување и олеснување на самата процедура. Претседателот истакна дека е направена промена на законот за земјоделско земјиште каде што е предвидена соодветна измена на законската регулатива, за да можат повеќе објекти кои се наменети за примарно и*

*секундарно земјоделско производство да бидат легализирани. Тој истакна дека веќе се спроведува и кампања за да се запознаат сите земјоделци на терен, сите стопанственици со овие можности кои ѓи нуди законот во однос на легализација на објекти а сите тие на некој начин легализирани објекти би биле можни идни апликанти и корисници на ИПАРД Програмата. Понатаму во разговор со Министерство за животна средина, тој истакна дека се предвидени одредени олеснувања во однос на оние кои сакаат да добијат дозвола за користење и ископ на бунари и поставување на цевководи. Со измените на законот кој што е во тек, тој образложи дека ќе се олесни процедурата за добивање на соодветни дозволи за поставување на цевки на бунари како и на дозволи за добивање на вода за рибници. Од тој аспект, Претседателот истакна дека интер ресорски е покрената постапка за да се олеснат постапките и процедури за да се добијат поголем број на корисници на ИПАРД средствата.*

Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:

***Заклучок бр.1:***

*Комитетот за следење на ИПАРД, беше информиран за напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците на 10ти Комитет за следење на ИПАРД, одржан на 13ти јули, 2012*

Целосниот извештај е прикажан во **Анекс 3**

***5. Во врска со точка 4 од дневниот ред:" Следење, информации од 5ти Комитет за следење на ИПА, оддржан на 17.07.2012.***

*Г-ѓа Кајошевска информираше дека петтиот состанок на ИПА Мониторинг Комитетот се одржа на 17 Јули, 2012 година. Таа информираше дека на петтиот ИПА Комитет за следење се дискутираше за напредокот којшто е постигнат во имплементација на ИПА компонента V и препораките кои се добиени од страна на ЕК.*

***6. Во врска со точка 5 од Дневниот ред: " Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата"***

***Во врска со точка 5.1 од дневниот ред :"Испитување на резултатите на ИПАРД Програмата преку податоци – индикатори за следење"***

*Г-дин Младеновски информираше за досегашните резултати од спроведување на ИПАРД Програмата и реализација на целите на Програмата врз основа на собраните податоци од следењето во 2012.*

*Г-дин Кили истакна доколку се реализираат побараните преку 30 милиони евра од поднесените 538 барања немаше да постои губење на средствата. Тој истакна дека стапката за одобрување е очајна особено за мерката 103 и 302.Тој истакна дека треба да се маркираат точните причини за одбивање и да се работи на нивно надминување. Истакна дека потребно е да се спречи појавата на истите причини за одбивање кои се случувале во минатите три години. Тој предложи , Телото за управување и ИПАРД Агенцијата треба информациите за причините за одбивање да ги направат јавно, со цел потенцијалните корисници да се информираат.*

*Г-дин Младеновски образложи дека причините за одбивање не се дадени детално во извештајот, меѓутоа во годишниот извештај којшто се поднесува на летниот Комитет за следење на ИПАРД има анализа за причините за одбивање на проектите и добар дел од причините се повторуваат во јавните повици. Меѓутоа во таа насока е и заклучокот во кој треба да се направи работна група помеѓу Телото за управување и ИПАРД Агенцијата за да се проанализираат причините и да се донесе нивно надминување.*

*Г-дин Секуловски ја образложи анализата која што ја правела ФФРМ во неколку мерки и ги изнесе ставовите на членството на ФФРМ во врска со проблемите со кои се соочуваат со реализација на ИПАРД Програмата по мерки, а кој веќе биле побарани на 7ми Комитет за следење на ИПАРД Тој истакна дека околу делот на финансирање во врска со средствата од ЗКДФ, апликантите неможат да стигнат до овие средства и тие се задолжуваат со високи камати. Исто така тој побара за сите мерки и инвестиции за откуп,преработка и производство на овошје и зеленчук да се утврди законски трошковник за изработка на визибилити студија по предлог на деловен план. Исто така тој информираше дека кај повеке апликанти каде што биле одобрени и потпишани договори меѓутоа при самата контрола биле прекинати договорите. Г-дин Секулоски побара во писмена форма да се испратат измените на ИПАРД Програмата за да може ФФРМ да ги информира фармерите што е прифатено во врска со нивните барања.*

*Г-дин Ристевски истакна дека процентот на одобрување на апликациите од почетокот на ИПАРД Програмата па се до денес се повеќе се намалува.*

*Г-дин Димовски истакна дека е низок процентот на прифатливост а висок на одбивање и за сите тие причини ИПАРД Агенцијата информира во*

*континуитет и истите биле предмет на дискусија на Комитетите за следење на ИПАРД и исто така се сигнализира дека постојат проблеми кои што се актуелни во делот на одобрување на апликациите. Тој истакна дека бројот на одобрени апликации е мал и тоа значи дека се работи на предмети кои што од еден до друг јавен повик се подобруваат, како во делот на документацијата така и во делот на почитувањето на постапката пред ИПАРД Агенцијата. Заради тоа не зачудува фактот што од 24% се зголемува на 69 до 82 затоа што исправноста на документите и дополната е подобрена се до моментот кога е констатирано забавување односно повторно намалување на процентот на прифатливост на проектите. Тој посочи дека во имплементацијата на овие мерки учат институциите  но исто така и ФФРМ, консултантите итн. Тој истакна дека се детектираат и состојбите кои се на пазарот на РМ во понуда на опрема, механизација, консултантски услуги итн. Тој истакна дека кака предуслов за да се добијат ИПАРД средствата е да има заокружено финансиска конструкција, проектот со кој што се аплицира. Тпј истакана дека согласно Секторската спогодба и договорот што е склучен со ИПАРД Агенцијата постои отворена можност да се преиспитуваат состојбите и доколку се утврдат неправилности се постапува кон тие состојби , вклучително и најрадикалната мерка раскинување на договор или поврат на средства. Меѓутоа тој истакна дека има случаеви каде апликантот во целост се препуштил на консултантот, како во делот на подготовка на деловниот план така и во делот на прибавувањето на понудите односно профактурите .*

*Тој истакна дека преку системот на контроли и алатките кои што се развиени ИПАРД Агенцијата детектира нерегуларни состојби и секогаш ќе реагира на начин како што треба да биде во функција на заштита на интересите на буџетот на ЕУ но исто така и на буџетот на РМ. Тој истакна дека ИПАРД Агенцијата не останува само на конкретните состојби односно решенија, продолжува со понатамошна анализа и се прават напори овие состојби да бидат подобро апсолвирани, подлабински да се проверат за да поразумно се решаваат во поблиска иднина*

*Г-дин Димовски, истакна дека според календарот на јавни повици кои што ИПАРД Агенцијата го објавува секоја година , наредниот повик беше планиран за декември но со оглед дека стапија на сила измените на ИПАРД Програмата по автоматизам влегуваме во една постапка што овој повик треба да се пропушти со оглед дека системот се адаптира на потребите на изменетата програма , што значи промена на процедури, сеопфатна акција на едуцирање, запознавање со промените на ИПАРД Програмата и поправилен начин на аплицирање за сето тоа што ќе се нуди во веќе изменетата ИПАРД Програма.*

*Исто така истакна дека ИПАРД Агенцијата прави напори што поскоро да се финализира адаптацијата на процедурите.Тој истакна дека заедно со Телото за управување ќе се финализира пакетот за процедурите и ќе биде доставен до Генералниот Директоратот за земјоделство при ЕК на одобрување. Тој информираше дека ИПАРД Агенцијата планира некаде до крајот на првиот семестар на 2013 да се објави конечниот јавен повик со изменетата ИПАРД Програма*

*Претседателот предложи во текот на јануари да се направи работна група од страна на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата за да се анализираат целосно проблемите за одбивање за да се најде решение да може да се надминат. Откако ќе се направи целосната анализа предложи да се испрати на ЕК.*

*Г-дин Кили истакна дека потребно е да се скусат роковите бидејќи со оваа динамика на движење на работите следниот повик ќе биде во Јуни, јули со што се доведувате во опасност од губење средства од 2010 година.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниов:*

***Заклучок бр. 2:***
*Комитетот за следење на ИПАРД Програмата беше информиран за резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата преку показатели и податоци за следење на програмата.*

*Годишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата 2007-2013 е прикажан во* ***Анекс 4.***

***Во врска со точка 5.2 од дневниот ред: " Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата "***

*Г-ѓа Брајовиќ истакна дека во уредбата на ИПАРД стои дека понудите треба да бидат валидни, независни. Таа истакна дека за македонските фирми имаат директен пристап до Централен регистар и сами ги проверуваме, меѓутоа за српските и хрватските фирми е бесплатен пристапот за бугарските фирми имаме агенција на која и плаќаме да ја вршат таа проверка. За другите фирми немаме можност затоа бараме со понудата да се обезбеди некој документ.Таа истакна дека ако таа фирма понудувач се појавила пред агенцијата ние ја имаме во базата на понудувачи и не бараме никаков документ.меѓутоа*

*доколку фирмата прв пат се појавила пред агенцијата немаме друг начин да ги извршиме тие проверки. Таа истакна дека проблемите воглавно потекнуваат и од неусогласеноста од националното законодавствои за тоа се превземени конкретни активности во соработка со Министерството за финансии, СЕП и МЗШВ е формирана работна група која работи на измена на уредбата за спроведување на ИПАРД, кадешто овие одредби од европското законодавство би се транспортирале или би се донел закон за спроведување на целокупната ИПА. Во областа на одобрување на исплатите проблемите се во потешкотиите да корисниците ја обезбедат целокупната документација , што корисниците треба да ја достават со барањето за исплата а посебно за оние проекти кои имаат градежни активности. Исто така и роковите за барање за исплата претставуваат одреден проблем затоа што три месеци од добивањето за барањето за исплатата е прекраток. Таа истакна дека ИПАРД Агенцијата изврши промена на процедурите кои се веќе испратени на ЕК во октомври Околу обезбедувањето на документите преку системот за електронско поврзување со одредени бази на податоци во Р.М во текот на идната година овој проблем да го надминеме.*

*Г-дин Арсов информираше за проблемите во процесот на контрола на терен во однос на нерегулирано право на користење на земјишни парцели – проблем кој се појави кај неколку корисници кои користат државно земјиште земено под закуп на 10 и повеќе години и кои свесно или несвесно парцелите ги дооформуваат со делови од соседните парцели. Тој истакна дека со цел за навремено утврдување на такви случаи, Секторот за Контрола пријавените парцели ги проверува во базата на Државниот катастар односно АКН ГИС Порталот како и базата од Системот за Идентификација на Земјоделско Земјиште при МЗШВ. Точната локација на парцелите се утврдува преку користење на ГПС уреди. Секторот за Контрола изготви упатсво за користење на ГПС уредот. Стара опрема (втора рака) – при контролите на лице место пред исплата кај неколку корисници е констатирана стара односно втора рака опрема која се декларира како нова. Со цел полесно и навремено откривање на таква опрема Секторот за Контрола изготви упатство за препознавање на стара опрема кое содржи фотографии и објаснувања за различни видови на опрема и механизација кои се предмет на инвестиција. Упатството се ажурира редовно. Исто така АФПЗРР преку меморандумот за соработка склучен со Бирото за судски вештачења на располагање има експерти од областа на градежништво, машински и електро инжинери чија експертиза беше искористена неколку пати од страна на Секторот за контрола.*

*Г-дин Секуловски побара објаснување што се случува доколку апликанот земал парцела под закуп меѓутоа парцелата е неточно внесена во катастар и кога контролата доаѓа на лице место гледа дека во имотниот лист ја нема парцелата .*

*Г-дин Арсов објасни дека на ИПАРД Агенцијата и е многу битно да знае на која парцела е инвестицијата.Во делот на регулирање на имотно правните односи обврската е на секој барател . Кога ќе профункционира LPIS од 2013 овие проблеми ќе бидат надминати.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следниов:*

***Заклучок бр.3:***

*Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за следење на проектите за ИПАРД Програмата.*

*Извештај за следење на проектите за ИПАРД Програмата од страна на ИПАРД Агенција се дадени во* ***Анекс 5****.*

***Во врска со точка 5.3 од Дневниот ред: "ИПАРД 2014-2020 "***

*Г-дин Кили истакна дека предлогот на Комисијата е во фаза на усогласување помеѓу Советот и Европскиот Парламент и ќе се финализира во текот на 2013. Тој истакна дека не се знае сумата на средства во ИПА и ИПАРД. Тој истакна дека Комисијата предложила отприлика сличен буџет. Тој истакна дека нема големи измени кои би се однесувале на потенцијалните корисници и на земјоделскиот сектор воопшто. Намерите на Комисијата се да се задржат постоечките мерки и воведат нови, како на пример, мерки за шумарство и советодавните услуги. Тој истакна дека на национално ниво од нас се бара да подготвиме стратегија за ИПА со дел за земјоделство и рурален развој.Овој дел тој истакна дека ќе се базира на национална стратегија за земјоделство и рурален развој каде ќе треба да се презентираат насоките за развој на претстојниот период. Истакна дека се потребни секторски анализи за да се утврдат потребите, можностите и апсорпцискиот капацитет. Тој истакна дека одобрувањето на ИПАРД 2 Програмата неможе да биде пред да се донесе потребната ЕУ регулатива и истакана дека подготовката на програмата да започне во 2013год.*

*Г-дин Георгиев истакна дека е потребно што поскоро да ја имаме мерката LEADER, бидејќи смета дека оваа мерка е многу важна во однос на подобрувањето на економските услови во руралните средини.*

*Г-дин Кили истакна дека LEADER ќе биде дел од ИПАРД во иднина.Тој истакна дека тешко е да се постигне акредитација на LEADER во постојниот програмски период, но неговата препорака е да работиме на негово воведување во ИПАРД 2, имајќи го предвид неговото значење како и пристапот и синергијата што треба да се креира меѓу различни сектори.*

*Г-дин Георгиев предложи LEADER да се тестира преку Програмата за рурален развој, бидејќи LEADER е мерка која бара поголема припрема.*

*Претседателот образложи дека веќе имаме изработено стратегија и во најбрз можен рок ќе ја запознаеме Владата на РМ.*

*Г-дин Георгиев предложи стратегијата да се даде на јавна дебата и да се вклучат сите засегнати страни за да го кажат своето мислење.*

*Г-дин Зарков образложи дека од страна на бизнис секторот конкретно во мелничко пекарската индустрија има иницијатива и барање за проширување на ИПАРД Програмата и вклучување на овој сектор. Тој истакна дека со Телото за управување имале консултативни состаноци во рамките на потсекторската група во МЗШВ каде претставниците на компаниите биле охрабрени за да креираме еден конкретен пристап, изработување на визибилити студии и имплементација на одредени дополнителни мерки.Конкретно дискутиравме за мерката 103 ако има можност да биде имплементирана ваква мерка или ваков сектор во ИПАРД Програмата.*

*Г-ѓа Делева истакна дека во мерката 103 инвестициите се однесуваат за достигнување на стандардите за безбедност на храна а повеќето барања од мелничката индустрија биле за осовременување на процесите на производство. Таа истакна дека во мерката 302 се вклучени овие дејности и веќе може да се користат. Таа истакна дека со измените на ИПАРД Програмата не само микро претпријатија, проширена е дефиницијата и за мали претпријатија а дополнително проширување на двете инвестиции што е во согласност со регулативите на ЕУ за големина на трговски друштва а не согласно законот за трговски друштва кај нас.*

*Претседателот предложи доколку има уште некои предлози од мелничко пекарската индустрија да се оддржи консултативен состанок за понатамошни измени на Програмата во однос на мелничко пекарската индустрија.*

***7. Во врска со точка 6 од Дневниот ред: " Дискусија за измените на програмата и промените на финансиските табели во програмата "***

*Г-ѓа Делева информираше IV модификација на ИПАРД Програмата беше усвоена од Комитетот за рурален развој во рамките на Генералниот Директорат за рурален развој при ЕК на 21.11.2012. Таа истакна дека сите предлози се прифатени освен делот за користење за подземни води како извор за наводнување на земјоделските површини. Таа истакна дека таквите инвестиции биле успорени од Генералниот директорат за животна средина во ЕК. Во понатамошната комуникација со Министерството за животна средина ќе побараме солуција за овој проблем бидејќи неколку пати од земјоделските производители е посочуван онаму каде што нема примарен систем за наводнување и излез се бара во ископување на бушотини. Воедно таа истакна дека Р.М спаѓа во земјите кај кои климатските промени ќе бидат погодени со процеси на опустонување, дизертификација. Многу од земјоделските региони каде се произведува земјоделски производи ќе бидат погодени од суша и поради тоа бараме достапност на вода како фактор со коишто ќе се намали ризикот на земјоделско производство во услови на климатски промени. Таа истакна дека во план е V модификација на ИПАРД Програмата каде вклучува нова мерка, рурална инфраструктура кој што во моментот се финализира односно ангажирани се словенски експерти за изготвување на анализи за потреби од инвестиции во соработка со ЗЕЛС и со претставниците на општините. Таа истакна дека се планира и консултативен настан со сите општини со цел да се разгледаат препораките од експерти и нивната потреба за да се направи една мерка која што ќе ги отсликува приоритетите за инвестиции во руралната инфраструктура. Исто така таа истакна дека се планирани измени во делот на ажурирање на легислативата во ИПАРД Програмата и предлагаме III модификација кој што ќе ја побара ИПАРД Агенцијата при изготвување на процедурите за IV модификација.*

8. ***Во врска со точка 7 од Дневниот ред: " Активности за техничка помош"***

***Во врска со точка 7.1. од Дневниот ред: " Извештај за подготовка за акредитација на Мерката 501- Техничка помош за 2012 "***

*Г-дин Колевски од Телото за управување со ИПАРД, информираше за Активности и подготовки за претстојната акредитација на Мерката 501 Техничка помош од страна на Телото за управување со ИПАРД, ИПАРД Агенцијата и НАО, како и за Проценка на усогласеноста за Мерка 501 Техничка помош.*

*Заклучок бр.4*

*Комитетот за следење на ИПАРД, се информираше за напредокот за акредитација за Мерката 505 (501), Техничка помош од ИПАРД Програмата.*

Извештај за напредокот на акредитација за мерката техничка помош од ИПАРД Програмата 2007-2013 е прикажан во ***Анекс 6.***

***Во врска со точка 7.2 од Дневниот ред: "Усвојување Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош "***

*Г-дин Карапетров информираше за Годишниот акциски план за имплементација на мерката за Техничка Помош.*

*Г-дин Секуловски побара да има повеќе состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД во тек на една година.*

*Г-ѓа Туфа побара попрецизен одговор во врска со акредитација на мерката 501 за Техничка Помош*

*Г-дин Фатмир образложи дека целосната документација ќе се финализира во декември и во јануари ќе се даде национална акредитација и потоа ќе се достави акредитациониот пакет до ЕК.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следната:*

*Одлука бр. 3:*

*Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и усвои Годишниот Акциски план за имплементација на мерката 501 Техничка помош.*

Годишен Акционен План за спроведување на активности за техничка помош е прикажан во ***Анекс 7.***

***Во врска со точка 7.3 од Дневниот ред: " Усвојување на Годишниот Комуникациски План"***

*Г-дин Гацов информираше за Годишниот Комуникациски План за 2013.*

*Г-ѓа Делева образложи дека институции одговорни за спроведување на публицитет и комуникација се Телото за управување и ИПАРД Агенцијата,*

*АПРЗ е посредничка организација и истото ќе биде корегирано во Годишниот Комуникациски план.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следната:*

Одлука бр. 4:
*Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и усвои корегираниот Годишен Комуникациски план за 2013.*

Годишниот Комуникациски План е прикажан во ***Анекс 8***

***9. Во врска со точка 8 од Дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД " и во врска со точката 9 од Дневниот ред: "*Информација за спроведени контроли (контрола на лице место, превземени активности, годишен ревизорски извешај, изјава за усогласеност) "**

*Г-дин Адеми информираше за моменталната состојба и превземените активности од страна на ИПАРД структурите за подобрување на функционирање на целосно децентализирано спроведување на системот-статусот на имплементација на ИПАРД Програмата, верификациската посета на Националниот Фонд во Телото за управување со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата, ревизорската мисија извршена од страна на Генералниот Директорат за земјоделство во март 2012/октомври 2012, за недостатокот на вработени во сите клучни тела, за активности за следење на тоа како се имплементираат препораките од контролите, активности во однос на административните капацитети за одржаните состаноци, за мониторинг на имплементацијата на ИПАРД програмата и апсорпцијата на ИПА средствата и за изјавата за усогласеност.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот ја усвои следната:*

***Заклучок бр.5:***

*Комитетот за следење на ИПАРД се информираше за функционирањето на системот за управување и контрола*

*Информација за активностите преземени од НАО за подобра имплементација на ИПАРД програмата и систем за управување и контрола во текот на 2012 година е прикажана во* ***Анекс 9.***

***10. Во врска со точка 10 од Дневниот ред: "Информација / дискусија за резултатите од тековната проценка "***

*Г-ѓа Делева информираше дека Телото за управување оваа година не доставува извештаи за тековна проценка бидејќи активностите кои беа превземени се доста лимитирани и се фокусираат на имплементација на претходните наоди во делот на насочување на ресурсите кон имплементација на акцискиот план за подобрување на апсорпцијата. Воедно во дискусии со претставниците од ЕК, таа образложи дека е побарано согласно Секторската спогодба дека Телото за управување неможе само да ги превземе активностите за тековната проценка туку мора да ангажира независен проценител којшто ќе биде во системот на тековна проценка и ќе биде како надворешен проценител.Оваа година немавме можност да изнајмиме независен проценител бидејќи немавме финансиски средства и планираме доколку се акредитира мерката 501 за Техничка помош да ангажираме независен проценител.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:*

***Заклучок бр.6:***
*Комитетот за следење на ИПАРД беше информиран за проблемите за тековната проценка на ИПАРД Програмата.*

***11.Во врска со точка 11 од дневниот ред: " Информација за активностите превземени во согласност со Годишниот план за комуникација и публицитет на ИПАРД програмата"***

*Г-дин Гацов информираше за прогрес во акционен план за комуникација и публицитет за 2012 година. Тој образложи за реализираните активности, ажурирање на интернет страницата www.ipard.gov.mk, организацијата на ИПАРД инфо деновите, учество на саеми, работилници, семинари, ИПАРД форум, објавување на годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата, кампања Учиме за ИПАРД, соопштенија и конференции за јавноста.*

*Г-дин Секуловски предложи да се направи ИПАРД интернет форум каде што на дневна основа би се одговарале сите поставени прашања.*

*Г-ѓа Делева истакна дека на интернет страната на ipard.gov.mk корисниците може да поставуваат прашања во врска со ИПАРД Програмата а ипард форум може да се направи почесто со дирекна средба со земјоделците доколку се акредитира мерката 501 за Техничка помош.*

*Во отсуство на забелешки, Претседателот го усвои следниот:*

***Заклучок бр.7:***

*Комитетот за следење на ИПАРД беше информиран за напредокот за активностите во врска со спроведувањето на комуникацијата и публицитетот на ИПАРД Програмата за 2012*

Извештај за прогрес во спроведување на Годишниот акционен план за комуникација и публицитет за 2012 е прикажан во ***Анекс 10.***

## *12. Во врска со точка 12 од дневниот ред:"Разно"*

### *12.1 НПАА и TAIEX активности*

*Г-ѓа Вета го презентираше напредокот на Националната Програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и TAIEX активностите за 2012.*

*НПАА И TAIEX активности се прикажани во Анекс 11.*

13. Во врска со точка 13 од дневниот ред: "Предлог Дневен ред за следниот (дванаесетти) состанок на Комитет за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за следниот состанок"

*Претседателот предложи следниот Комитет за следење на ИПАРД, да се одржи во мај 2013, а точната дата на состанокот ќе биде договорена во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.*

*Во отсуство на дополнителни коментари, Претседателот заклучи дека 11-от Состанок на Комитетот за следење на ИПАРД е завршен.*

ПОТПИСИ:

**ПОТПИСИ:**

| **ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:** | **ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| Зоран Коњановски | м-р Маргарита Делева |
| Титула: Претседател | Титула: Раководител на Телото за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 29.05.2013 | Датум: 29/05/2013 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
СКОПЈЕ

# Листа за проверка на присутност на членовите на Комитетот за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен "√" | Отсутен "√" | Претставник "√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Зоран Коњановски Претседател | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Валентина Стојановиќ | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | √ | | | | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-ѓа Славица Јакимовска | МЛС | | √ | | | 3 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | | | √ | Г-ѓа Орхидеја Каљошевска | 0 |
| 7. | Г-ѓа Снежана Герасимова-Матеска | МК | | √ | | | 1 |
| 8. | Г-дин Илир Шабани | МЕ | | √ | | | 5 |

Прилог 1 – Листа на присутни 11ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Г-дин Дејан Рунтески | **Агенција за храна и ветерина** | | √ | | | 2 |
| 10. | Г-ѓа Јадранка Иванова | **МЖСПП** | | | √ | Г-дин Владо Каровски | 2 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 11. | Г-дин Јордан Кузмановски | АПРЗ | | | √ | Г-ѓа Милка Коштревска | 0 |
| 12. | Г-дин Љубиша Николовски | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | 2 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |
| 13. | Г-ѓа Стојмирка Тасевска | **Стопанска комора на Македонија** | | | √ | Г-дин Васко Ристовски | 1 |
| 14. | Г-дин Огнен Оровчанец | **Агробизнис комори** | | | √ | Г-дин Александар Зарков | 2 |
| 15. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | 0 |
| 16. | Г-дин Андрија Секуловски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | 0 |
| 17. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | | | √ | Г-дин Асен Дуковски | 1 |

Прилог 1 – Листа на присутни 11ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Г-ѓа Наташа Вртеска | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | | 0 |
| 19. | Проф. Д-р Драги Димитриевски | **Факултет за земјоделски науки и храна** | | √ | | | | 4 |
| 20. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | | √ | | | | 1 |
| 21. | Г-ѓа Оливија Штерјова | **Комора на занаетчии** | | √ | | | | 2 |
| 22. | Проф д-р Илија Каров | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | | √ | | | | 2 |
| 23. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | √ | | | | | 0 |
| 24. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | √ | | | | | 0 |
| | ВКУПНО | 16 | 10 | 8 | 6 | | | |

Прилог 1 – Листа на присутни 11ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

## Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД:

### Претставници од државни институции:

1. Г-ѓа Билјана Костовска, Министерство за земјодество, шумарство и водостопанство, Мисија на Република Македонија при Европски Заедници,
2. Г-дин Виктор Калајџиски, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Министерство за финансии

### Претставници од Ревизорско Тело:

1. Г-ца Соња Велјаноска –Сектор за ревизија за компонента V - ДЗР
2. Г-ѓа Јасмина Вукичевиќ – Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР

### Претставници од социјални партнери:

1. Г-дин Јорде Јакимовски, Директор, Институт за социолошки политичко-правни истражувања

### Претставници од меѓународни финансиски институции, донатори и донаторски проекти:

1. Г-ца Лидија Фајдига, претставник од Германска техничка соработка (ГТЗ)

### Дополнителни учесници и презентери:

# Дневен ред
## за 11$^{ти}$ состанок на Комитетот за следење на ИПАРД

Датум: 12 Декември, 2012
Место: Дебатна сала на Влада на Република Македонија

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи/Прилози |
|---|---|---|---|---|
| | 8:30 | Пристигнување и регистрација | ТУ Секретаријат | |
| 1. | 9:00 | Отварање на состанокот<br>Усвојување на предлог дневниот ред на 11ти состанок на Комитет за следење на ИПАРД | (Претседател)<br>Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД | Предлог дневен ред |
| 2. | 9.10 | Усвојување на записникот од претходниот 10ти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД оддржан на 13ти јули, 2012 | (Тело за управување со ИПАРД) | Финален записник |
| 3. | 9:20 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (10ти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и дискусија | (Тело за управување со ИПАРД) | Извештај на Тело за управување со ИПАРД |
| 4. | 9:35 | Следење, информации од 5ти Комитет за следење на ИПА, оддржан на 17.07.2012. | (Секретаријат за европски прашања) | Презентирано на самиот состанок |
| 5. | 9:50 | Состојба со спроведување на ИПАРД програмата | | |
| 5.1. | 9:50 | Испитување на резултатите на ИПАРД програмата преку податоците-индикаторите за следење | (Тело за управување со ИПАРД) | Полугодишен извештај за следење ( статус,декември 2011-јуни 2012) |
| 5.2. | 10.05 | Извештај за следење на проектите на ИПАРД Програмата:<br>- Кратко резиме на проблемите во процесот на одобрување на проектите<br>- Кратко резиме на проблемите во процесот на извршените контроли на проектите<br>- Кратко резиме на проблемите во процесот на одобрување на исплатата на проектите.<br>- Останати прашања кои произлегуваат од спроведувањето на Програмата | (ИПАРД Агенција) | Извештај на ИПАРД Агенција |

Анекс 1-Дневен ред за 11$^{ти}$ Комитет за следење на ИПАРД

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.3. | 10:20 | ИПАРД 2014-2020 | (ЕК) | Дискусија |
| 6. | 10:35. | Дискусија за измените на програмата и промените на финансиските табели во програмата. | (Тело за управување со ИПАРД) | Дискусија |
| 7. | 10.50. | Активности за техничка помош: | | |
| 7.1. | 10.50. | Извештај за подготовка за акредитација на Мерката 501 – Техничка помош за 2012 | (Тело за управување со ИПАРД/ИПАРД Агенција/НАО) | Извештај за напредокот во подготовка на техничката помош |
| 7.2. | 11:05. | Усвојување на Годишниот Акциски План за имплементација на мерката за Техничка Помош | (Тело за управување со ИПАРД) | Годишен Акциски план |
| 7.3. | 11:20. | Усвојување на Годишниот Комуникациски План за 2013 | (Тело за управување со ИПАРД) | Годишен Комуникациски план за 2013 |
| 8. | 11:35 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД | (НАО) | Извештај на НАО |
| 9. | 11:50 | Информација за спроведени контроли (контрола на лице место, превземени активности, годишен ревизорски извештај, изјава за усогласеност) | (НАО) | Извештај на НАО |
| 10. | 12:05. | Информација/дискусија за резултатите од тековната проценка | (Тело за управување со ИПАРД) | Дискусија |
| 11. | 12:20. | Прогрес на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата | (Тело за управување со ИПАРД) | Извештај на Тело за управување со ИПАРД |
| 12. | 12:35 | Разно | | |
| 12.1. | 12:35 | НПАА и TAIEX активности | НПАА и TAIEX службеник | Материјалите ќе ви бидат доставени на состанокот |
| 13. | 12:50 | Предлог на Дневен ред за следниот (12ти) пролетен состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |